**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 декември 2016 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: ноември 2016 година

- Во ноември 2016 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])**, оствари месечен раст од 1,0%, додека на годишна основа растот изнесува 4,6%. Во однос на октомври 2016 година, зголемување е забележано пред сè кај краткорочните и долгорочните депозити, а во помал дел, и кај депозитните пари[2], наспроти малиот пад кај готовите пари во оптек. На годишна основа, растат сите компоненти на паричната маса, со најголем придонес на депозитните пари, по што следуваат долгорочните депозити.

- **Вкупните депозити** остварија месечен и годишен раст од 1,2% и 4,4%, соодветно. Растот на депозитите на корпоративниот сектор зафаќа речиси две третини од вкупниот раст на депозитите на месечна и годишна основа.

- **Вкупните кредити** бележат благ месечен раст од 0,2% во ноември, додека на годишна основа стапката на раст изнесува 1,3%, при зголемено кредитирање на домаќинствата. Треба да се има предвид дека годишните промени на кредитите ги одразуваат и ефектите од Одлуката на Народната банка во однос на нефункционалните пласмани, при што без овој ефект годишниот кредитен раст во ноември изнесува 6,8%[3].

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена | | | | | | месечна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015 | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 10.2016 | 11.2016 | 12.2015 | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 10.2016 | 11.2016 | 10.2016 | 11.2016 |
| | | | | | | | во % | | | | | | во % | |
| **Парична маса М4** | **331,007** | **330,713** | **322,156** | **329,379** | **332,187** | **335,644** | **6.8** | **6.2** | **2.5** | **4.0** | **3.9** | **4.6** | **0.9** | **1.0** |
| **Вкупни депозити** | **304,552** | **304,820** | **296,027** | **302,828** | **305,817** | **309,505** | **6.5** | **6.2** | **2.3** | **4.0** | **4.0** | **4.4** | **1.0** | **1.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 77,034 | 75,742 | 73,011 | 76,062 | 77,504 | 79,960 | 13.0 | 16.0 | 5.6 | 11.3 | 9.6 | 11.8 | 1.9 | 3.2 |
| Домаќинства | 212,056 | 213,661 | 206,118 | 209,734 | 211,155 | 212,262 | 4.1 | 3.1 | 0.2 | 1.2 | 1.8 | 1.8 | 0.7 | 0.5 |
| **Вкупни кредити** | **279,871** | **280,023** | **274,453** | **275,096** | **274,068** | **274,629** | **9.5** | **8.4** | **3.5** | **2.5** | **1.8** | **1.3** | **-0.4** | **0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 157,834 | 154,987 | 149,131 | 147,535 | 145,195 | 144,949 | 7.1 | 5.1 | -0.5 | -1.2 | -2.7 | -3.3 | -1.6 | -0.2 |
| Домаќинства | 120,832 | 123,887 | 124,192 | 126,505 | 127,784 | 128,609 | 12.9 | 13.0 | 8.8 | 7.3 | 7.5 | 7.3 | 1.0 | 0.6 |

Извор: НБРМ.

---

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види методологија:
http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[3] На 17.12.2015 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која најдоцна до 30 јуни 2016 година банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од две години, односно кај кои пред најмалку две години банката го утврдила и целосно го покрила кредитниот ризик од ненаплата. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]




Извор: НБРМ.

- Кај вкупните **депозити** на корпоративниот сектор, во ноември е остварен како месечен така и годишен раст од 3,2% и 11,8%, соодветно. Притоа, месечниот раст во поголем дел се должи на денарските депозити, додека за годишниот раст речиси подеднаков придонес имаат депозитите примени во денари и во странска валута.

- Кај вкупните **кредити** на корпоративниот сектор, втор месец по ред е евидентиран месечен пад од 0,2%, кој на годишна основа изнесува 3,3%. Сепак, доколку се исклучи ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со Одлуката на Народната банка, кредитите на корпоративниот сектор бележат годишен раст од 3,5%.

[4] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и останатите нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[5]




Извор: НБРМ.

- Кај вкупните **депозити на домаќинствата** е остварен месечен раст од 0,5%, додека на годишна основа депозитниот раст изнесува 1,8% (идентично како и претходниот месец). Годишниот раст произлегува од депозитите на домаќинствата примени во странска валута, а на месечна основа придонес кон растот имаат и девизните и денарските депозити (иако поголем е придонесот на девизните).

- Кај вкупните **кредити** на домаќинствата месечното зголемување изнесува 0,6%, додека стапката на годишен раст благо забавува и изнесува 7,3%. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција согласно со Одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата би изнесувал 11,2%.

[5] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

- Анализирано по намена на кредитите, кај **потрошувачките и станбените кредити** одобрени на физички лица, и овој месец е остварен месечен раст од 1,0% и 0,9%, соодветно, при остварен идентичен годишен раст од 14,2%. Кај **автомобилските кредити,** бележиме пад на кредитната активност, како на месечна основа (за 1,3%), така и на годишна основа (за 21,6%). Кредитите одобрени на **кредитните картички** во ноември бележат минимален месечен пад од 0,2%, наспроти годишниот раст од 0,7%, додека **негативните салда на тековните сметки** бележат месечен и годишен раст од 0,5% и 5,1%, соодветно. Кредитите одобрени врз **други основи** бележат месечно зголемување од 0,4%, додека на годишна основа се зголеми за 9,9%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци (http://www.nbrm.mk/?ItemID=4FCA40FAB7051A45B6C93DE5D8FB661D )

Методолошки појаснувања:
(http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf )

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/?ItemID=7B1CC2F73E9A3641B2F05235A02C8BDC

Монетарни движења во Република Македонија: 20 јануари 2017 година (референтен пресек заклучно со декември 2016).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).